Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-455/3

18-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 455/1 од 07.08.2023 година, поднесена од лицето со иницијали [redacted] од Скопје за извршена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted] од Прилеп, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.08.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-455/1 од 07.08.2023 година, поднесена од поднесена од лицето со иницијали [redacted] од Скопје, **поради тоа што подносителот на претставката е анонимно лице.**

## Образложение

На 07.08.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) преку електронска пошта која системот автоматски ја регистрира, беше доставена претставка од анонимно лице со иницијали [redacted] од Скопје за заштита од дискриминација по основ на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, против лицето [redacted] од Прилеп.

Подносителот во претставката наведува дека [redacted] дал изјава во медиум express.mk со која прави подбив на Македонскиот народ и малцинства.

Поднесената претставка не содржи име и презиме на подносител и адреса на потенцијалниот дискриминатор. Во делот на опис на настанот не е дадено никакво појаснување ниту факти и околности од кои може да се добијат податоци за сторен акт на дискриминација.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: *„податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.“*

Согласно член 24 став (2) од Законот, Комисијата на 08.08.2023 година со допис бр. 08-455/2 го задолжи подносителот на претставката да ја доуреди во законскиот рок од 8 (осум) дена.

Подносителот на претставката не го достави бараното доуредување на претставката во законски утврдениот рок.

Врз основа на изнесеното се утврди дека поднесената претставка е неуредна и не ги содржи сите потребни елементи кои треба да ги содржи претставката, а кои се предуслов за понатамошно постапување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно на горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради тоа што подносителот на претставката е анонимно лице.

Скопје,
18.08.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Архива